# Научи ги основите на исламот



www.makislam.info

# за Пратеникот Мухамед
## нека е Божјиот мир над него

Муслиманите веруваат дека Мухамед, нека е Божјиот мир над него, е последниот Пратеник во долга низа Пратеници испратени да ги повикуваат луѓето во послушност и обожување само на Бог. Некои од овие Пратеници се и: Адам, Ное, Авраам, Јаков, Јосиф, Мојсеј, Давид и Исус, нека е Божјиот мир над сите нив.

Муслиманите не го обожуваат Мухамед, нека е Божји мир над него, и не му се молат. Тој нè предупредил:

*„Не ги преминувајте границите воздигнувајќи ме како што христијаните го прават тоа со воздигнувањето на Исус, син на Марија. Јас сум само Божји роб; затоа викајте ме Божји роб и Негов Пратеник.“*

Како што Муслиманите веруваат дека Мојсеј, нека е Божјиот мир над него, е испратен со Тората и дека Исус, нека е Божјиот мир над него, бил испратен со Евангелието, муслиманите исто така веруваат дека Мухамед, нека е Божјиот мир над него, е испратен со Куранот за да покаже како тие учења треба да бидат применети.

*„Аллах нема да покаже милост кон оној што нема милост кон другите.“*

Некои од изреките на Пратеникот Мухамед, нека е Божјиот мир над него:

Муслиманите не го обожуваат Мухамед, нека е Божји мир над него, и не му се молат. Тој нè предупредил:

*„Погледни кон оној што е под тебе; не гледај го оној што е над тебе. На тој начин подобро ќе ја цениш благодетта што Бог ти ја дарил.“*

*„Не е силен оној што ќе ги победи луѓето со својата сила, туку силен е оној кој што се контролира себеси кога е бесен.“*

*„Најдобри меѓу вас се оние кои што имаат најдобар морал.“*

*„Биди кроток и не нанесувај зло, и не сметај се себеси за си посупериорен од другите.“*

*„Не сметај го и најмалото свое дело за беззначајно; дури ни средбата со својот брат со насмевка.“*

# за обожувањето

Муслиманските научници го дефинирале „обожувањето“ како „севкупен термин за оние внатрешни и надворешни зборови и дела на личноста што Го задоволуваат Алах.“ Со други зборови , концептот на обожување во исламот не е ограничен на ритуали како што се молитвата, постењето, делење милостина , и извршување на аџилакот - тоа е многу повеќе од ова.

Човекот може да ги претвори секојдневние активости во дела на обожување со прочистување на своите намери и со искрено барање на Алаховото задоволство преку овие активности. Алаховиот Пратеник, нека е Божјиот мир над него, кажал :

*„Да поздравиш некого е милостина. Да делуваш праведно е милостина. Да му помогнеш на човек со својот коњ е милостина. Добриот збор е милостина. Секој чекор што го правиш за да извршиш молитва е милостина. Да отстраниш прчека од патот е милостина.“*

Дури и заработката за живот може да биде сторена во Божје име ако е сторена со вистинска причина (т.е. да работиш за да го издржуваш своето семејство). Било како ако некој работи за да се покаже себеси или за да стане познат, тогаш тоа не може да се нарече обожување.

Ова горе може да им изгледа чудно на оние кои што ја гледаат религијата само како лична врска помеѓу индивидуата и Бог, и дека немаат влијание на оние активности кои се специфично врзани со било какви религиски ритуали. Сепак, за муслиманите, исламот не е само религија, туку е еден комплетен начин на живеење.

1 „Аллах“ е исправната транскрипција на истиот збор од арапски на македонски јазик, но поради правилата на македонскиот литературен јазик во понатамошниот текст ќе го користиме терминот „Алах“.

2 Било кој Курански превод , дали на македонски или на било кој друг јазик, не е Куран, ниту негова верзија, туку само е превод на значење на Куранот. Куранот постои само на арапски јазик на кој е и објавен.

3 Единствено Куранот останал непроменет и сочуван, додека другите оригинални објави се или изгубени или сменети.

*„На оние кои што ќе веруваат и добри дела ќе чинат Алах им ветува прошка и награда голема.“ (Куран, 5: 9)*

За подетални информации обратете се на:
www.makislam.info
e-mail: studentskiklub_sk@yahoo.com

# Научи ги основите на исламот

Верување и обожување на Единиот Вистински Бог е камен темелник на верувањето на муслиманот.

Многу религии исто така тврдат дека веруваат во Еден Бог, но сепак Му здружуваат придружници. За тоа постојат следниве примери:

- Обожување или барање прошка од Бога преку Неговите созданија
- Припишување на некои од Божјите својства на други објекти или суштества
- Поставувајќи Му ривали на Бог со воздигнување на нешто што Му е спротивставено на Него.

Сите овие горechспомнати верувања или дела одат спроти самите принципи на исламот.

## За Алах

Алах е личното име на Единиот Вистински Бог.

Името „Аллах" е комбинација на двата Арапски збора „ал" и „илах".

„Ал" е членување, а „илах" значи „божество".Овие два збора заедно значат и се однесуваат на „Богот", а се применува како „Единиот Бог", или „Единиот Вистински Бог".

Ништо друго не може да се нарече Алах. Поимот нема множина, ниту род. Ова ја покажува единственоста во споредба со зборот „бог" кој може да биде направен во множина (пр. богови) или женски род (пр.божици).

### Муслиманите веруваат дека Алах е:

### Еден:

- Алах е еден и нема никакви ортаци
- На Алах Му нема еднаков ниту придружник
- Исламот одбива карактеризирање на Алах во било каква човечка форма
- Ниедно од Неговите суштества не е слично на Него.
- Нема ништо слично на Бог
- Ниеден дел од Бога не е присутен во никого (иако Неговото знаење опфаќа сè)

### За фалење достоен:

- Ниедно суштество ниту објект не е вреден за обожување освен Алах
- Било какво обожување или молитва насочена кон (или преку) светци, пратеници, или други човечки суштества или преку природа се смета за идолатрија
- Алах ги слуша сите што Го фалат
- Секој има директен пристап до Бог
- Муслиманите имаат директна врска со Алах без потреба од посредници (како што се идоли, светци, ангели, свештеници, планети, Исус - нека е Божјиот мир над него, животни, гробови, слики и статуи)

### Праведниот

- Алах му суди секому според неговите дела и секој ќе биде полага сметка за своите дела
- Човечките суштества може да се разликуваат помеѓу себе и да ја заработат Божјата наклоност преку предаденост и преку побожност (не преку раса или богаство)

### Највозвишениот

- Алах е одвоен и е над Неговите созданија
- Алах е високо над тоа да биде спореден со било што

### Најмилостивиот

- Алах е неспоредливо помилостив кон Неговите созданија отколку мајка кон своето бебе
- Никој не е „роден со грев"
- Алах ги простува сите гревови

### Семоќниот

- Бог нема ривали
- Концептот дека Бог одморил на 7-от ден од создавањето нема база во исламот
- Алах има контрола над сè
- Послушноста кон Алах не ја зголемува Неговата моќ, и непослушноста кон Алах не ја намалува Неговата моќ во никој случај
- Ниту еден лист не паѓа без дозвола од Алах

За навистина внимателно да се размисли за Величественоста на Алах потребна е скрушеност. Ова е тоа што Алах нè повикува да го направиме - да го разбереме Него преку Неговите својства и имиња, да се разбере Неговата Семоќ и Величество, да се повикува на помош, и да Му се потчиниме на Него. Меѓу Алаховите најубави имиња и својства се и следните:

- Создавач и Одржувач
- Оној Кој простува и ги прима покајанијата
- Ценетиот
- Сезнајниот и Сесвесниот
- Оној Кој му одговара на тој што Го моли
- Оној Кој е без и Кој нема никаков недостаток
- Неспоредливо Голем

## Во врска со Куранот

Муслиманите веруваат дека Куранот е директна Божја Реч. Заедно со автентичните изреки на Пратеникот Мухамед, нека е Божјиот мир над него, претставува главен извор на исламското знаење. Следат некои стихови кои го потврдуваат горе наведеното:

*„Тој е Алах, нема друг бог освен Него…" (Куран, 59: 22)*

*„Не сметајте Му никого рамен на Алах, а знаете дека Му нема рамен." (Куран, 2: 22)*

*„Обожувајте Го Алах и не Му придружувајте ништо." ( Куран, 4: 36)*

*„…Никој не е како Него! Тој сè слуша и сè гледа." (Куран, 42: 11)*

*„Кажи: ,Како можете покрај Алах, да се клањате на оној кој не е во состојба некоја штета да ви направи, ниту пак некоја корист да ви донесе..." ( Куран, 5: 76)*

*„...Кому Му припаѓа власта денес? – На Аллах, Единиот, над сите Надмоќниот." ( Куран, 40: 16)*